Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 21.07.2020

На 20.07.2020 во 23.45 часот на ул.„Борис Сарафов", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ч.(42) од Скопје, бидејќи при извршен преглед кај него бил пронајден нож. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.07.2020 во 00.30 часот на ул.„Лазар Танев", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.О.(38) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена прашката материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.07.2020 во 00.50 часот на ул.„Сава Михајлов", полициски службеници од СВР Скопје ја лишиле од слобода С.К.(29) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена прашката материја. По целосно документирање на случајот, против иста ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.07.2020 во 13.30 часот на регионален пат Дебар - Струга, на место викано „Врабчи", полициски службеници од Полициска станица Дебар ги лишиле од слобода А.С.(23) и К.К.(23), двајцата од Дебар. Двајцата биле со патничко возило „голф" со дебарски регистарски ознаки, управувано од А.С., а откако биле забележани од полициски службеници, од возилото излегоа К.К. и се обидел да избега. На местото на настанот била пронајдена вреќа со марихуана. Двајцата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.07.2020 во 12.46 часот преку Совет на град Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода С.М.(39) од С.Сарај, Е.А.(25) од С.Гумово, А.З.(36) и Б.З.(33), двајцата од с.Ласкарци, бидејќи со разни предмети оштетиле паркирано патничко возило „рену ровер", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ј.С.(53) од С.Шишево, по што се обиделе да побегнат со дел од патничкиот возило „ауди" и „голф", со скопски регистарски ознаки. При нивен преглед од страна на полициски службеници, кај С.М. бил пронајден пиштол „Токаљ 58", а кај А.З. бил пронајден пиштол „Екол тигар", кои ги поседувале без дозвола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2020 во 15.30 часот на магистрален пат Битола-Прилеп, кај с.Тополчани, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „фиат", со прилепски регистарски ознаки, управувано од З.Б.(60) од Прилеп, патничко возило „ауди", со бугарски национални ознаки, управувано од Б.Т.(22) од Битола и патничко возило „фиат добло" со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.К.(21) од Прилеп. Во незгодата на лице место починала В.В.(36) од Прилеп, сопатничка во патничкото возило „фиат добло", додека возачот М.К. и Н.Д., сопатник од истото возило, како и возачот Б.Т. на патничкото возило „ауди" биле пренесени во Клиничка болница Битола за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициска станица Прилеп.

На 20.07.2020 во 14.20 часот во Полициската станица Чаир, Х.Ј.(19) од Скопје пријавила дека на ул.„Бутелска" била касната од куче скитник.

Во текот на 20.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се две возила бидејќи биле технички неисправни, две возила бидејќи биле нерегистрирани, четири возачи, затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и еден возач бидејќи поминал на црвено светло, а 43 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

СВР Струмица изготви кривична пријава против правно лице од Струмица и одговорно лице И.В.(45), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија", казниво по член 206 од Кривичниот законик. Имено, на 18.07.2020 на профил на социјалната мрежа „Инстаграм", кој го користи пријавениот правен субјект, било објавено дека истата вечер во ниеден угостителски објект ќе настапуваат естрадни уметник и музичка група. Се преземаат мерки и обезбедени се доказ дали утврдено дека правното и одговорно лице дозволиле во периодот од 21.00 до 01.00 часот во објектот да се одржи настап на естрадниот уметник и музичката група и воедно дозволиле и присуство на неограничен број гости кои биле послужувани на шанк и стоечки маси, со што постапиле спротивно на Протоколот за отварање и работа на кафетериите, а кој произлегува од Планот за намалување на рестриктивните мерки за спречување на ширење на коронавирусот.

На 20.07.2020 во Полициската станица Штип бил приведен М.В.(29) од с.Баница, струмичко, затоа што околу 19.00 часот на бул. „ЈНА" во Штип агресивно се однесувал кон полициски службеници, кои вршеле службени дејствија. По целосно расчистување на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.07.2020 во 05.50 часот на регионалниот пат помеѓу струшките села Лабуништа и Боровец, патничко возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.О.(25) од Хановер, Германија, излетало од патот. Во незгодата, Е.О. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид, каде бил пренесен за укажување лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Охрид.

На 20.07.2020 во 22.30 часот во СВР Битола, М.Н.(84) од Битола пријавила дека околу 17.30 во семејната куќа, додека седела со сопругот С.Н., ниеднаш син Б.Н. физички ги нападнал двајцата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2020 во 13.10 часот во СВР Скопје бил приведен дека во Градска општа болница „Св. Наум Охридски" бил донесен повреден С.Ж.(53) од Скопје. Полициски службеници од СВР Скопје извршиле разговор со С.Ж., кој изјавил дека се повредил околу 12.50 часот на ул. „Скупи", додека вршел работни задачи како вработен во Комунална хигиена. Од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот е информиран и трудов инспектор.

На 19.07.2020 околу 23.55 часот на ул.„Христијан Тодоровски Карпош", полициски службеници од СВР Скопје го привеле С.Е.(22) од Скопје, бидејќи при обид за негово легитимирање, поради тоа што не носел заштитна маска на лицето, наљрво одбил, а потоа агресивно се однесувал кон полициските службеници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2020 во 14.15 часот во Полициската станица Чаир, Т.Т.(45) од Скопје пријавила дека на 10.07.2020 во 21.00 часот на ул.„Горе Горевски" нејзиниот 16 - годишен син, по претходна расправија, бил физички нападнат од З.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.07.2020 во 00.30 часот во СВР Скопје, Љ.З.(29) од Скопје пријавил дека околу 00.20 часот на ул.„Тодор ЧанГов", поради претходно недоразбирање, бил физички нападнат од М.А.(35) и Г.А.(37), двајцата од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 20.07.2020 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение „Козле" било пријавено дека од установата се одделачила нивната штитеничка М.Е.(18), која во повеќе наврати ја напуштала установата и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.07.2020 во 08.04 часот во СВР Скопје, А.И.(45) од Скопје пријавил дека во периодот од 10.00 часот на 19.07. до 08.00 часот на 20.07.2020 непознат сторител со скршил стаклото од влезната врата на неговата книжарница на ул.„Методија Митевски", при што настанал пожар, во кој биле оштетени печката, принтерот, книги и друг училишен прибор. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Штип, Д.З.(67) од Штип пријавила дека на ул.„Панче Караѓозов" во Штип нејзината 46 - годишна ќерка била касната од куче скитник.

На 20.07.2020 во 14.00 часот во СВР Скопје, 41 - годишна жена од Скопје пријавила облуда врз нејзината 13 - годишна ќерка. Според пријавеното, кон крајот на 2019 малолетничката најпрво контактирала преку социјалните мрежи со нет малолетникот од Скопје, со кои се познавала од претходно, а потоа имале и интимни контакти. За настанот е известен тим од Центарот за социјални работи и Јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Е.О.(22) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 07.07.2020 полициски службеници, при извршен претрес во домот на Е.Д., во кој престојувал неговиот син Е.О., пронашле и одделе чанти во кои имало марихуана, семки кои потекнуваат од растението Cannabis, една дробилка и други предмети со остатоци од марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.Г.(33) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 08.07.2020 на ул. „Моша Пијаде" во Куманово, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одделе дигитална вага, марихуана и мешавина од тутун и марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против В.К.(62) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања". Пријавениот, вработен во фирма од Ново Село, го искористил своето овластување доверено од споственските и во својство на одговорно лице, спротивно на фактичката состојба и одлуките на Владата, на 05.05.2020 изготвил одвојка за движење на вработен за смеење и кожна работа од 01.05.2020 на лице кое не било вработено во правниот субјект, а дозволите се издавале само на вработените за движење во полициски час исклучливо до и од работното место.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против Н.П.(29) од с.Бреница, Ј.Б.(51) од с.Мала Речица и фирма од с.Мала Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 09.06.2020, правопријавениот се јавил на влез во Р.С. Македонија на Граничен премин Стар Дојран, како возач со товарно возило со полуприколка, сопственост на пријавената фирма и на увид при граничните проверки, покрај патната исправа и сообраќајните дозволи, приложи и копија од дозвола од Државен санитарен и здравствен инспекторат заради посебен здравствен и протоколарен режим за влез во Р.С. Македонија, која што му ја дал второпријавениот, кој е сопственик и управител на третопријавеното правно лице, а за која што од ДСЗИ е потврдено дека не е оригинална.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Р.(35) од с.Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 10.02.2020 во Бремен, СР Германија, Х.Ш.(52) од Косово и пријавениот направиле полномошно за управување на патничко возило „мерседес", со германски регистарски ознаки, сопственост на Х.Ш., сè со цел пријавениот да го однесе возилото во домот на Х.Ш. во косовското село Штрупболове. Меѓутоа, пријавениот не го однел возилото кај Х.Ш., туку во с.Пирок, тетовско, каде го продал на лице во Тетово.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(25) од с.Букочани, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 08.05.2020 на објава на официјален профил на МВР, пријавениот напишал коментар со заканувачка содржина, со што поттикнал ширење омраза, дискриминација или насилство.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против С.Ј.(23) од Македонска Каменица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Пријавената, во периодот од 29.10.2019 до 28.11.2019, во четири наврати навлегла во компјутерскиот ситем на банка од Скопје и, со искористување на податоци од дебитна картичка од трансакциска сметка на Ј.Ј., извршила плаќање преку интернет во хотели во Скопје, со што предизвикала материјална штета во износ од 15.155 денари.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.Г.(22) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „предизвикување општа опасност" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" и против Е.И.(21) и Д.А.(20), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 18.05.2020, за време на забрана за движење - полициски час, пријавените се превезувале во патничко возило „голф", движејќи се со голема брзина по ул.„Трета македонска ударна бригада" кон ул.„ЈНА" во Куманово, при што превпријавениот, како сопатник во возилото, преку отворен прозорец испукал четири решетки од огнено оружје непозната марка кон неколку куќи и со голема брзина заминале кон ул.„Благој Илиев Гуне" во Куманово, при што го загрозиле животот на луѓето кои биле во дворовите.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против М.Д.(28) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавениот, на 17.07.2020, при контрола од полициски службеници, не бил пронајден во својот дом, односно бил во угостителски објект во Свети Николе и на тој начин не постапил според Решение издадено од 14.07.2020, со кое му се одредува задолжителен надзор и самоизолација во домашни услови во траење од 14 дена, за што бил изготвен записник за извршена контрола и бил спроведен во државен карантин.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.Г.М.(34) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 17.07.2020, при контрола од полициски службеници, пријавената не била затекната во својот дом, иако претходно имала решение за изолација од 15.07. до 28.07.2020 годинa, со што постапила спротивно на здравствените протоколи за спречување од ширење на заразна болест и заштита на населението.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mvr.gov.mk
Изработено од Унет